Архивски број: 08-87/5
27.05.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-441/1 од 21.5.2025 година поднесена од група на вработени во ООУ -----, против ООУ ----- и директорот на училиштето -----, за извршена дискриминација врз основа на социјално потекло и слобода на синдикално здружување во областа на работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на социјално потекло и слобода на синдикално здружување во областа на работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство сторена од страна на ООУ ----- и директорот на училиштето ----- врз група вработени во ООУ -----.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на -----, во нејзино име и во име на 27 останати вработени во ООУ -----, за сторена дискриминација врз основа на социјално потекло и слобода на синдикално здружување во областа на работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство од страна на нивниот работодавач – ООУ ----- и директорот на училиштето -----.

Подносителката на претставката наведува дека нејзиниот работодавач започнувајќи од март 2025 година, започнал да ѝ реализира членарина за ----- од февруарската плата, при што истакнува дека не е членка на конкретниот синдикат, за што тврди дека истото може да се провери од листата за исплата на плата. Оттука, во претставката се наведува дека согласно член 11 од Статутот на -----, во синдикатот се пристапува со пополнување на пристапница, а со тоа се прифаќа Статутот и програмата на -----. Во оваа насока, подносителката истакнува дека нема потпишано пристапница која е


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

основна форма за пристапување во -----, не е членка на ----- и поради таа причина, смета дека неосновано ѝ се реализира членарина за членување во ----- . Оттука, подносителката заедно со останатите подносители во март 2025 го известиле директорот дека повеќе не се членови на ----- и дека не дозволуваат да им се прави задршка од месечната плата како членарина за синдикатот.

Во продолжение на претставката, подносителката наведува дека врз неа е направена дискриминација бидејќи ѝ е оневозможено правото слободно да избере или формира синдикат, односно работодавачот во нејзино име имал избрано синдикат за нејзе и прави парична задршка од плата по основ членарина во истиот. Оттука, подносителката истакнува споредба дека вработените во другите сектори имаат право на слободен избор на синдикат, поради што смета дека нивните работодавачи не им го ограничуваат конкретното право.

Во прилог на претставката се доставени писмени известувања со кои подносителите го известуваат работодавачот дека поднеле барање за истапување од Синдикатот и следствено бараат да им се прекине со задршка од плата по тој основ, како и останати документи од меѓусебна комуникација на вработените со директорот на училиштето; и директорот на училиштето со претставници на ----- . Дополнително во прилог, подносителите доставија документација од поведена постапка пред Државниот инспекторат за труд, кој ги упатува на судска заштита, при што во продолжение на ова, во прилог е доставено решение донесено од страна на Државна комисија за решавање во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (во продолжение на текстот: Второстепена комисија), од кое се воочува различно постапување на различни Инспекторати за трудот, каде во едниот случај е постапено како што е наведено погоре – со упатување на судска заштита, додека во другиот случај, Државниот инспекторат за трудот (во продолжение на текстот: ДИТ) одлучил во полза на барањето на вработените кои сакале да истапат од синдикатот, која одлука за потврдила и Второстепената комисија.

Во оваа насока, се цел целосно утврдување на фактичката состојба и поради прибирање на дополнителни информации во врска со наводите од претставката, на ден 3.6.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за доставување информации во врска со поднесената претставка до Државниот инспекторат за труд, заведено под арх. бр. 08-441/2. Оттука, имајќи ја предвид доставената документација во претставката, Комисијата побара информација во однос на утврдената разлика помеѓу двата наведени предмети во кои е констатирано различно постапување на инспекторатот, дополнително на што се побара од ДИТ да ја достави документацијата во однос на двата предмети, со цел Комисијата да го има предвид претходното постапување на инспекторатот во однос на претставката за заштита од дискриминација која се однесува на истата правна работа.

На ден 16.1.2026 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Известување – одговор од страна на Државниот инспекторат за труд, заведено под арх. бр. 08-87/1.

Во предметниот одговор, се наведува при увид во двата наведени предмети, Државниот инспекторат за труд го констатирал следното:

„Од увидот во констатираната фактичка состојба на двата записници кои се однесуваат на речиси иста правна работа, односно истапувањето од синдикална организација и задршката на плата по основ на членување во синдикат, се утврди дека при утврдување на фактичката состојба двата инспектори за труд имале сличен пристап при ценење на доказите и фактите, особено на фактот дека со одредбите од членовите 184 и 185 од Законот за работните односи произлегува дека стапувањето и истапувањето од синдикат односно здружение на работодавачи е израз на слободна волја на работникот кој самостојно одлучува дали ќе биде член или не во определена синдикална организација.“ Оттука, наведуваат дека тоа што ја прави едната постапка различна од другата е примената на членот 111 од Законот за работните односи кој се однесува на задршките од плата од страна на работодавачот. Оттука, се истакнува дека инспекторатот за труд од Подрачје ----- оценил дека начинот постапката и условите за пристапување и истапување во синдикалната организација се предмет на регулација во статутот на синдикалните организации, за кој наведуваат дека инспекторатот за труд нема надлежност да врши инспекциски надзор и да ја испитува основаноста на истиот, што и било предмет на иницијатива пред Уставниот суд кој се огласил дека нема да се впушти во оценување на уставноста на статут на синдикална организација. Во оваа насока, ДИТ ги упатил подносителите на претставката да ги остварат своите права пред граѓански суд.

Во другиот случај, инспекторот за труд од подрачје ----- не се впуштил во оценување на статутарните одредби, туку „го ставил работодавачот пред свршен чин, кој пак се јавува во улога на посредник при уплаќањето на членарината на синдикалната организација“. Оттука, се наведува дека во услови кога институциите сè уште се поделени во мислењето по ова прашање и отсуството н а судска пракса, инспекторите се раководеле од одредбите од членот 6 од Законот за инспекција на трудот, согласно кој инспекторот е самостоен во вршењето на инспекцискиот надзор и во преземањето на управни и други мерки утврдени со закон.

На 26.1.2026 година, од страна на Државниот инспекторат за труд беше испратена дополнителна документација и прилози во врска со претходно доставениот одговор до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Во прилозите беа содржани записници од извршен иснпекциски надзор, известување, барања и останата документација поврзана со двата случаи на постапување на ДИТ.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 3.2.2026 година испрати Известување бр. 08-87/3 за произнесување по наводите од претставката до ООУ ----- и директорот на училиштето ----- .

На ден 23.2.2026 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ООУ ----- и директорот на училиштето ----- како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-87/4.

Во произнесувањето се наведува дека подносителката на претставката на ден 12.4.2024 година во благајната на училиштето доставила известување дека истапила од членство во ----- со барање повеќе да не ѝ се прават задршки од плата. Оттука, се наведува дека во август 2024 година, триесеттина вработени поднеле идентични известувања со барање да прекини да им се прави задршка од плата по овој основ. Во продолжение на ова, директорот на училиштето нагласува дека во тој период во повеќе наврати телефонски бил опоменат од страна на претседателот на регионалниот одбор -----, додека во октомври 2025 година, на негово барање оствариле средба во училиштето заедно со благајникот, секретарот и помошникот директор на училиштето. Наведува дека на предметната средба, на претставниците на училиштето им било напоменато дека „Доброволното истапување не важи ниту во случаите кога членот користел право што е обезбедено со Колективен договор, потпишан од страна на ----- или со друг документ (Спогодба, Договор и сл.) со надлежните социјални партнери и тоа на сите нивоа, а со користење на некои од тие права, членот добил зголемување на финансиските средства или подобрување на статусот на работното место, како и ослободување од казни кои произлегуваат од надлежните државни органи, како заслуга на мерки и активности на органите на ----- .“ Во оваа насока, се повикуваат и на член 14 од Статутот на ----- , кој гласи:

*„Членот на ----- , кој сака доброволно да истапи од ----- , согласно основите наведени во член 13 од овој Статут, истапувањето ќе може да го направи после 3 години од денот на поднесувањето на Барањето за истапување од ----- . На членот кој поднел Барање за истапување од ----- , во периодот предвиден од став 1 од овој член, членувањето ќе му биде во мирување и нема да важат одредбите од член 18 и член 19 од Статутот на ----- , освен обврската да плаќа членарина до истекот на периодот на мирување. “*

Во продолжение, наведено е дека на 25.11.2024 година до Одделението за финансии и сметководство при ООУ ----- , претседателот на синдикалната организација на ----- при ООУ ----- , -----, доставила известување за список на вработени кои изминатиот период поднеле изјави за истапување од членство, но истите согласно член 13 и 14 од Статутот на ----- ќе имаат обврска во период од 3 години од поднесената изјава да продолжат да плаќаат членарини и список од сите останати членови на Синдикатот на кои треба да им се прават задршки. Следствено, се наведува дека на 12.2.2025 година, училиштето добило Опомена од Регионалниот одбор на ----- – ----- преку полномошник адвокат, со


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

барање да извршат исправка на уплатените членарини од месец октомври 2024 до денот на поднесување на опомената, односно да се направи уплата на разликата помеѓу досегашната уплатена синдикална членарина и членарината која требало да се уплати согласно одлуката на Советот на ----- за висината и начинот на распоредување на синдикалната членарина. Дополнително на ова, била упатена и напомена дека благајникот може да престане со уплатата на синдикалната членарина исклучиво врз основа на Известување од страна на претседателот на синдикалната организација, дополнително повикувајќи се на решението бр. 185.2024 на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Оттука, во произнесувањето е наведено дека на 21.2.2025 година била одржана колективна средба со сите вработени, на која директорот на училиштето им ја прочитал погоренаведената опомена, како и решението на Уставниот суд, следствено на што на вработените им било соопштено дека од платата за месец февруари која се исплаќа во месец март, ќе продолжат задршките од 1% од плата на име членарина во -----. Дополнително на ова, со цел да не се прави преголемо оптоварување на платата на засегнатите вработени, од училиштето наведуваат дека се обратиле до регионалниот одбор на ----- – ----- и побарале појаснување од кога да започнат со задршките, на што им било укажано дека треба да се започне со задршките од 1.2.2025 година во следните 3 години, без оглед кој член кога се отчленил, без обврска за наплата на законска камата.

Во однос на наведената ситуација, од училиштето наведуваат дека го запознале и Министерството за ----- и побарале појаснување и насоки за постапување, при што добиле одговор дека Министерството не е надлежно за предметната работа.

Во продолжение на произнесувањето, се наведува дека на 7.4.2025 година Државниот инспекторат за труд извршил вонреден инспекциски надзор по поднесени иницијативи од страна на 33 вработени во училиштето, поднесени за истата правна работа, при што ДИТ не утврдил неправилности во работењето на училиштето и се прогласи за ненадлежен да врши надзор над одредбите од Статутот на ----- и да ја цени нивната законитост и уставност.

На крајот на произнесувањето, се наведува дека сметаат дека не станува збор за дискриминација, туку за административно – техничко постапување согласно доставената документација, при што спротивното постапување би значело мешање во автономијата на синдикатот и преземање на улога која законски не му припаѓа на училиштето како толкувачи на статутот на ----- .

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ООУ ----- и директорот на училиштето ----- врз ----- и останатите вработени во училиштето кои поднеле


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

барања за истапувања од ----- , согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација утврдува дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Во продолжение, директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Оттука, Комисијата утврди дека врз подносителите на претставката за заштита од дискриминација не е сторена директна дискриминација од страна на ООУ ----- и директорот на училиштето ----- .

Имено, за да се смета постапувањето на училиштето и директорот на истото како директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да постои споредлива ситуација за да се утврди дека подносителите биле ставени во понеповолна положба во однос на друго лице или лица, како и таквото постапување на училиштето да биде каузално поврзано со определена карактеристика својствена за подносителите како дискриминаторски основ во смисла на член 5 од ЗСЗД. Во оваа насока, подносителите на претставката не дадоа релевантен компаратор – лице кое се наоѓа во истата фактичка ситуација како нив, а во однос на кое со подносителите било постапено понеповолно врз основа на наведена дискриминаторска основа согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, иако конкретниот случај може да се однесува на спор во врска со евентуална повреда на остварување на колективно право од работен однос, сепак истото согласно


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

утврдената фактичка состојба не претставува директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk